РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

# ИЗВЕШТАЈ

**за реализирана кампања „ИПАРД Инфо денови“ за Јавен повик 01/2025 за Мерка 1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“**
ИПАРД Програма 2021-2027 (ИПАРД 3)

**март 2025 година**

Содржина:


I. ВОВЕД ..... 3

II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ..... 4

20.02.2025 Новаци и Могила ..... 4

24.02.2025 Тетово и Јегуновце ..... 5

25.02.2025 Свети Николе и Велес ..... 7

26.02.2025 Карбинци и Штип ..... 8

27.02.2025 Кавадарци и Тимјаник ..... 10

28.02.2025 Прилеп и Кривогаштани ..... 11

04.03.2025 Босилово и Василево ..... 12

05.03.2025 Конче и Радовиш ..... 14

06.03.2025 Берово и Виница ..... 15

07.03.2025 Неготино (општина Врапчиште) и Гостивар ..... 16

10.03.2025 Кочани и Облешево ..... 17

11.03.2025 Велешта и Мислешево ..... 18

12.03.2025 Демир Хисар и Кравари ..... 19

13.03.2025 Куманово и Липково ..... 21

14.03.2025 Петровец ..... 22

III. НАЈЗНАЧАЈНИ ПОЕНТИ ОД КОМУНИКАЦИЈА СО КОРИСНИЦИ ..... 23

IV. МЕДИУМСКА ЗАСТАПЕНОСТ ..... 23

## I. ВОВЕД

**Кампања:** ИПАРД Инфо денови

**Временска рамка:** 20. февруари 2025 – 14. март 2025 година

**Цел:** Информирање на заинтересирани корисници за условите и барањата од јавниот повик 01/2025 за Мерка 1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ од ИПАРД Програмата 2021-2027 (ИПАРД 3).

**Локации:** 29 (градови, села и населени места) низ сите региони во РСМ: Новаци, Могила, Тетово, Јегуновце, Свети Николе, Велес, Карбинци, Штип, Кавадарци,Тимјаник, Прилеп, Кривогаштани, Босилово, Василево, Конче, Радовиш, Берово, Виница, Неготино (о. Врапчиште), Гостивар, Кочани, Облешево, Велешта, Мислешево, Демир Хисар, Кравари, Куманово, Липково и Петровец.

**Тимови:** Вработени од следниве институции:

- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство,
- Тело за управување со ИПАРД,
- Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и
- Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството

### Бриф

Јавниот повик 01/2025 за Мерка 1 „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ од ИПАРД Програмата 2021-2027 (ИПАРД 3)“, беше објавен на 12. февруари 2025 со рок на траење до 29. март 2025 година. Со цел навремено да се информираат сите заинтересирани корисници кои планираат да аплицираат на повикот, беше реализирана голема кампања „ИПАРД Инфо денови“. Тимовите посетија 29 локации на кои присуствуваа заинтересирани корисници (физички, правни лица, задруги, задружни правни лица итн.), пред кои беа презентирани деталите за Мерка 1 и условите и барањата од јавниот повик.

Презентациите беа интерактивни со многу прашања и дискусии на темата. На неколку локации карванот беше следен и од македонските медиуми.

## II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### *1. Информации и фотографии од посетени локациии*

Инфо деновите се одржаа на 29 локации. Во продолжение следат информации и фотографии од секоја посетена локација.

#### 20.02.2025 Новаци и Могила

Првиот инфо ден се одржа во Пелагонискиот регион со посета на Новаци и Могила. Инфо денот се одржа во просториите на општинските згради.

Земјоделството е еден од приоритетните сектори во Пелагонискиот регион. Одличната географска положба, квалитетната обработлива земја, одличните климатски услови и долгата земјоделска традиција се есенцијалните фактори кои придонесуваат за успешно одгледување на житни, индустриски и фуражни култури, како и развиено градинарство и млекопроизводство.

За жал, сеуште се користи застарена механизација и технологија што отвора можности и потреби за поддршка при модернизација на механизацијата и имплементирање на иновациите во производството проследено со производство на здрави производи.

Ова беа главните теми на кои се дискутираше за време на инфо денот.



Новаци



Могила

## 24.02.2025 Тетово и Јегуновце

Инфо карванот продолжи во Полошкиот регион.

Средбите со заинтересираните корисници се одржаа во Тетово во просториите на Универзитетот Тетово – Факултет за прехранбена технологија и исхрана, и во Јегуновце во просториите на општинската зграда.

Поголемиот дел од земјоделската површина или дури 75 проценти во Полошкиот плански регион се пасишта, што овозможува успешно сточарско производство. Производството на фуражни и мешункасти култури укажува на тоа дека сточарството е една од основните земјоделски гранки од економско значење. Молзните крави и овците имаат посебно значење на овој регион со развиена традиција за млечни производи, а живинарството и пчеларството се во подем.

Ваква беше структурата на присутните заинтересирани корисници кои активно учествуваа со прашања и дискусии како успешно да аплицираат на повикот.

На средбата во Тетово присуствуваше и заменик министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фљакрон Беџети.




Тетово



Јегуновце

## 25.02.2025 Свети Николе и Велес

Општините Свети Николе и Велес припаѓаат на Вардарскиот регион кој има одлични климатски услови за развој на земјоделството и е познат земјоделско-сточарски регион. Луѓето од овој крај се занимавале со земјоделство, бидејќи регионот изобилува со почва од повеќе класи, со посебна внатрешна вредност-бонитет и голем број на сончеви денови. Со тоа се исполнети условите за одгледување на житни, индустриски и градинарски култури.

Интересот кај земјоделците од овој регион беше голем, особено во Свети Николе. Настанот се одржа во општинските згради.

Во Свети Николе присуствуваше директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Илија Стоилев, кој даде изјава за медиумите.



Свети Николе



Велес

## 26.02.2025 Карбинци и Штип

Средбите со заинтересираните корисници се одржаа во општинските згради на Карбинци и Штип. Овие општини припаѓаат на Источниот плански регион. Земјоделците најмногу се посветени на поледелско производство кое е доминантно во регионот.

Приближно еднаквата застапеност на јачменот со пченицата и релативно високата застапеност на пченката, укажува на добра база за сточарско производство.

Но, во овие две општини успешно се одгледуваат и градинарски и овошни култури, како и лозови насади.

Интересот за објавениот јавен повик беше голем бидејќи земјоделците од овие две општини се сериозни производители кои сега имаат можност да ја обноват механизацијата и да ги модернизираат фармите.



Карбинци



Штип

## 27.02.2025 Кавадарци и Тимјаник

Општина Кавадарци и селото Тимјаник се дел од областа Тиквеш, најпозната по развиеното лозарство. Ова е исклучително лозарски крај, а селото Тимјаник е едно од најголемите лозарски села во Македонија.

Во овој јавен повик поддржано е производството на винова лоза што е од особено значење за земјоделците, бидејќи најголемиот дел се производители на вински сорти. Исто така тие произведуваат и производи од грозје: шира, оцет, сок и др. Најпознат производ од грозје е гроздовиот мед „Маџун“ кој има долга традиција, а особено го произведуваат жените земјоделки од селото Тимјаник.

Јавниот повик им овозможува да го модернизираат производството и да набават опрема за постбербени активности, преработки на фарма и директен маркетинг на фарма за сопствено производство.

Средбата со земјоделците од Кавадарци се одржа во општинската зграда, а земјоделците од село Тимјаник го пречекаа инфо карванот во просториите на основното училиште „Гоце Делчев“.



Кавадарци



Тимјаник

## 28.02.2025 Прилеп и Кривогаштани

Средбата со земјоделците од општина Прилеп се одржа во општинската зграда, а во Кривогаштани во просториите на Противпожарниот дом кој е сместен во општинската зграда.

Доминатно производство е поледелството, главна култура е тутунот но застапено е и сточарското производство. Овие општини се изразито земјоделски и секогаш Мерка 1 е проследена со голем интерес бидејќи има широк обем кој овозможува модернизирање на земјоделското производство.




Прилеп



Кривогаштани

## 04.03.2025 Босилово и Василево

Според информациите од општините Босилово и Василево, земјоделското производство е во постојан подем на осовременување, а ова е особено изразено кај раноградинарското производство. Инсталирани се модерни пластеници, водата за наводнување рационално се користи преку системи за наводнување „капка по капка“. Обемот на производство е зголемен, а со тоа зголемена е и потребата кај

земјоделците за набавка на модерна механизациј, технологија и опрема за поизводство и постбербени активности. Жените земјоделки од овој крај, произведуваат разни домашни видови на прехранбени производи (ајвар, лутеница, малицано, слатко, компот, разни намази и др.) кои ги продаваат од куќен праг.

Овој крај има интензивно земјоделско производство па затоа и интересот за јавниот повик од Мерка 1 беше голем, бидејќи нуди големи можности за осовременување на производствените процеси на примарното земјоделско производство но и за разни преработки и доработки од земјоделски производи.



Босилово



Василево

## 05.03.2025 Конче и Радовиш

Овие две општини припаѓаат на Југоисточниот плански регион, кој има развиено земјоделско производство. Најзастапена култура е тутунот, а земјоделците одгледуваат и житни, индустриски и фуражни култури. Развиена е и преработувачката и козервната индустрија која како суровини ги користи домашно произведените градинарски култури. Постојат и неколку млекарници и кланици, бидејќи регионот има и сточарско производство.



Конче



Радовиш

Co-funded by the European Union

IPARD
ИПАРД Програма 2021-2027
IPARD Programme 2021-2027

Ко-финансирано од Северна Македонија

## 06.03.2025 Берово и Виница

Инфо денот во Берово и Виница беше проследен со голема посетеност и голем интерес од присутните. Во овие две општини земјоделството е развиена стопанска гранка, најмногу се одгледуваат градинарски и житни култури, особено во Виница каде оризот како дел од виничко-кочанската котлина. На повисоките места се одгледува компир, а развиено е и сточарството поради изобилство на шуми и пасишта.

Ваквата стопанска инфраструктура на овие две општини придонесе присутните заинтересирани корисници да покажат интерес за аплицирање на јавниот повик за Мерка 1, со цел да го модернизираат своето производство со набавка на основни средства за земјоделските стопанства.



Берово



Виница

## 07.03.2025 Неготино (општина Врапчиште) и Гостивар

Полошкиот регион е втората најголема житница после Пелагонија. Земјоделците од село Неготино и општина Гостивар имаат долга традиција во земјоделско и сточарско производство. На територијата на оптшина Гостивар работат кланица и мелничарски комбинат чии коопераnти се локалните земјоделци. На двете средби присуствуваше и заменик министерот д-р Фљакрон Беџети.



Гостивар



Село Неготино (Општина Врапчиште)

## 10.03.2025 Кочани и Облешево

Со оглед дека станува збор за Кочанскиот регион, каде со децении главна култура е кочанскиот ориз, најголемиот број на прашања се однесуваа токму за набавка на земјоделска механизација која се користи за производство на ориз. Земјоделците од овие општини се главно поледелци со долга традиција во одгеледувањето на поледелските култури.

Во Кочани средбата се одржа во Мултикултурниот центар, а во Облешево во просториите на месната заедница.



Кочани



Облешево

## 11.03.2025 Велешта и Мислешево

Струшкото поле има идеални услови за земјоделско производство. Во Велешта најмногу се одгледува пченица, пченка, јачмен, тутун и винова лоза, а во Мислешево најзастапено е одгледувањето на житни и градинарски култури како што е познатата сорта на домат „воловско срце“, пиперки, кромид, зелка, а развиено е и овоштарството.

Во овие села, земјоделската механизација, трактори, комбајни, косачки, балирки и друга механизација, се главната слика за секое земјоделско семејство.

Токму затоа, можноста која ја нуди Мерка 1 и јавниот повик кој е во тек, треба да се искористи за да се обнови земјоделската механизација, особено во селата кои имаат реално земјоделско производство и живеат од тоа.

Средбите се одржаа во старата општинска зграда на Велешта, а во Мислешево во просториите на месната заедница.



Велешта



Мислешево

## 12.03.2025 Демир Хисар и Кравари

Демир Хисар е познат земјоделски центар во Македонија, со развиено поледелство, овоштарство и сточарско производство. Кравари е битолско село со развиено сточарско производство како што кажува и неговото име.

Климатските услови се поволни и за поледелство, особено затоа што целиот атар е покриен со мрежа од хидросистемот за наводнување „Стрежево“. Овој систем

овозможува наводнување на сите земјоделски површини и успешно одгледување на сите земјоделски култури.

Со вакви климатски услови, систем за наводнување и современа земјоделска механизација, производството е полесно.

Интерсот во Демир Хисар беше голем, што се гледа од бројното присуство на заинтересирани корисници.



Демир Хисар



Кравари

## 13.03.2025 Куманово и Липково

ИПАРД инфо караванот оставри средби со потенцијалните корисници од Куманово и Липково. На двете локации имаше бројно присуство на земјоделци, кои покажаа голем интерес за јавниот повик.

Кумановскиот регион се одликува со голема хетерогеност и располага со земјиште со производен потенцијал за здрави поледелски, фуражни и индустриски култури, и изобилство со високопродуктивни пасишта за одгледување на крупен и ситен добиток. Мерка 1 има широк обем и можат да ја користат земјоделци кои имаат различно производтсво.

Токму ваков е составот на земјоделците од кумановскиот регион, кои учествуваа на средбите, кои дојдоа во голем број и покажаа голем интерес за искористување на средствата од јавниот повик за Мерка 1.

На средбата во Липково присуствуваше и заменик министерот д-р Фљакрон Беџети.




Куманово



Липково

## 14.03.2025 Петровец

Општина Петровец припаѓа на Скопскиот плански регион, каде воглавно гравитира градско население но има и околни рурални населени места кои се занимаваат со земјоделско производство. Средбата се одржа во општинската зграда.



Петровец

## III. НАЈЗНАЧАЈНИ ПОЕНТИ ОД КОМУНИКАЦИЈА СО КОРИСНИЦИ

На инфо средбите беа детектирани неколку предизвици со кои се соочуваат потенцијалните корисници:

- земјоделското земјиште кое било дел од процес на консолидација сеуште не е воведено во владение на сегашните корисници,
- пробелми со склучување на договри за наводнување со Ј.П. Стрежево,
- нефункционалност на СИЗП и ЕРЗС и неможност на ажурирање на сопствените парцели пред Јавниот повик,
- пробелем со издавање на Потврди за платени придонеси по основ на пензиско и здравствено осигурување кај И.З. во ФПИОМ во Прилеп,
- ненавремено ажурирање на одобрение за градба на web страната e-gradezna dozvola,
- проблеми со издавање на одобрение за градење на земјоделско земјиште од страна на општина иако има позитивно мислење од МЗШВ.

Генерално корисниците најмногу примедби имаа за рестриктивното исклучување на секторот градинарство од овој повик за Мерка 1, проблем со нелегализирани сточарски фарми и добивање на одобренија за градба.

## IV. МЕДИУМСКА ЗАСТАПЕНОСТ

Кампањата ИПАРД Инфо денови, беше редовно комуницирана со јавноста и медиумите. Објавувани се соопштенија на веб страната на Телото за управување со ИПАРД, најавите со распоред за инфо денови и збири неделни соопштенија беа објавени на веб страната на МЗШВ. Целата кампања редовно беше комуницирана од македонските портали, а беа емитувани прилози во ТВ емисијата „Аграр“ на националната телевизија МРТВ.

На неколку локации присуствуваа локални телевизии и националната телевизија МРТВ. Изјави за медиумите дадоа директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Илија Стоилев и раководителот на одделението за мониторинг од сектор ИПАРД при МЗШВ, Виктор Младеновски.